Градоначалникот на општина Гази Баба со присутните ги сподели сопствените искуства од работењето на ЛСП во неговата општина, во претходните четири години, додека пак претставниците на отсеците за превенција од Секторите за внатрешни работи при МВР говореа за добрите практики и полезноста на ЛСП во нивната работа, при што ги истакнаа и предизвиците со кои се соочуваат при имплементацијата на активностите на ЛСП.

За реализацијата на овој форум, поддршка обезбеди Одделот за развој на полицијата од Мисијата на ОБСЕ во нашата земја.

## FORUM PËR RËNDËSINË E KËSHILLAVE LOKALË PËR PREVENIM

BNJVL-ja dhe Ministria e punëve të brendshme, më dy dhjetor të vitit 2013, në hotelin „Aleksandar Palas“, organizuan forum me temë: „Prezantimi i këshillave lokalë për prevenim, si instrument për trajtimin e pyetjeve nga fusha e sigurimit“.

Qëllimi i forumit ishte përparimi i mëtejshëm i rolit të Këshillave lokalë për prevenim (KLP), si mekanizma të qëndrueshme dhe efikase për prevenimin e konflikteve, nëpërmjet përforëcimit të partneritetit dhe bashkëpunimit mes policisë dhe autoriteteve lokale, të cilat marrin pjesë në punën e këtyre këshillave. Në forum morrën pjesë përfaqësues nga BNJVL-ja, Kryetarë dhe 28 komandantë të sapozgjedhur të stacioneve policore, të cilët detajisht u informuan për rolin e KLP-ve dhe rëndësinë e madhe e përkushtimit të Kryetarëve në punën e KLP-ve, si bashkëkryesues të tyre.

Kryetari i Komunës së Gazi Babës, me të pranishmit i shkëmbeu përvojat personale nga puna e KLP-ve në komunën e tij, në katër vitet paraprake, kurse përfaqësuesit e qendrave për prevenim, nga Sektorët për punë të brendshme pranë MPB-së, folën për praktikat e mira dhe dobishmëria e KLP-ve në punën e tyre, me ç‘rast i theksuan edhe sfidat me të cilat ballafaqohen gjatë zbatimit të aktiviteteve të KLP-ve.

Për realizimin e këtij forumi dha përkrahje edhe Departamenti për zhvillim të policisë nga MISIONI i OBSE-s në vendin tonë.

## КОНЦЕПТИ И ПРАКТИКИ НА ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ

Министерството за образование и наука (МОН) и Заедницата на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија - ЗЕЛС, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на 20 декември, 2013 година, во салата на ЕУ Инфо центарот, во Скопје, организираа работна сесија за одговорните лица за образование од единиците на локалната власт - „Концепти и практики на интегрирано образование во Република Македонија.“

За концептот на интегрирано образование говореше Назихтере Сулејмани, шеф на кабинетот на заменик-министерот за образование и наука. Таа ја потенцираше содржината на документот „Чекори кон интегрирано образование, во образовниот систем на Република Македонија”, кој претставува сеопфатна владина стратегија кон интегриран образовен систем, кој со заеднички напор, во 2010 година, го развија Министерството за образование и наука и ОБСЕ ВКНМ, како една од последователните мерки од препораките од Високиот комесаријат за национални малцинства на ОБСЕ (ОБСЕ ВКНМ) од јануари 2008 година. Мерките кои произлегуваат од овој документ, се поделени во пет тематски групи и секоја од нив е посебно комплексно прашање. Овие тематски групи отвораат прашања за демократското управување со училиштата во децентрализирана средина, прашања за наставните и вонnаставните активности, учење на јазикот, наставниот план и наставните програми, учебниците и обука на наставниците, а се дополнети со група од

## KONCEPTE DHE PRAKTIKA PËR ARSIMIN E INTEGRUAR

Ministria e Arsimit dhe Shkencës (MASH) dhe Bashkësia e Njësive të Vetëqeverisjes Lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL, me përkrahjen e Misionit të OBSE-s në Shkup, më 20 dhjetor të vitit 2013, në sallën e Info Qendrës së BE-së, në Shkup, organizuan seancë punuese për personat përgjegjës për arsim në njësitë e vetëqeverisjes lokale - "Koncepte dhe praktika për arsim të integruar në Republikën e Maqedonisë".

Për konceptin e arsimit të integruar mbajti fjalim Nazihtere Sulejmani, Shefe e zyrës së Zëvendësministrit për arsim dhe shkencë. Ajo e prezantoi përmbajtjen e dokumentit "Hapat drejt arsimit të integruar në sistemin arsimor të Republikës së Maqedonisë", i cili përfaqëson strategji qeveritare gjithëpërfshirëse për sistemin arsimor të integruar, i cili me përpjekje të përbashkëta në vitin 2010 u zhvillua nga Ministria e Arsimit dhe Shkencës dhe OBSE KLPK-së, si një prej masave vijuese nga rekomandimet e Komesariatit të lartë për pakica kombëtare të OBSE-s (OBSE KLPK) nga janari i vitit 2008. Masat që rrjedhin nga ky dokument janë të ndara në pesë grupe tematike dhe secila prej tyre është një çështje e ndërlikuar më vete. Këto grupe tematike hapin pyetje për udhëheqjen demokratike me shkollat e zonave të decentralizuara, pyetje për aktivitetet mësimore dhe jashtë mësimore, mësimi i gjuhës, plani mësimor dhe programet mësimore, librat dhe trajnimi i mësuesve dhe plotësohen me grup parimesh udhëheqëse të drejtuara drejt mënjanimit të ndarjes etnike në shkollat e reja.

George Nikollov, këshilltar shtetëror nga MASH-i, para të pranishmëve prezantoi Planin e matjes së arritjeve në fushën




водечки принципи насочени кон избегнување на етничката поделба во новите училишта.

Георге Николов, државен советник од МОН, пред присутните го презентираше Планот за мерење на постигнувањата во областа на интегрираното образование во нашата земја, во кој е потенцирана улогата на локалната власт, како важен синџир во протокот на информации од оваа област. При креирањето на овој план, активно учество зедоа и претставници од ЗЕЛС, инспекторите за образование во општините: Божидар Јовиќ од општина Велес и Несет Даути од општина Врапчиште. Тие ја потенцираа важноста и потребата за развивање на интегрираното образование во нашата земја, како и потребата за следење на нејзината реализација.

На сесијата беше истакнато дека интеграцијата, преку заеднички активности на учениците кои следат настава на различен јазик е многу полезна и во наставните и во вонаставните активности на учениците на различи нивоа: во самите училишта и помеѓу различни училишта од истата општина, или, пак, од целата земја. Потоа, беше укажано дека пред извесен период погрешно беше протолкувана интеграцијата, преку зголемување на взаемното познавање на јазиците кај учениците и возрасните, што треба да овозможи да се зголеми комуникацијата помеѓу припадниците од различните заедници. Беше посочено на примената на мерки за обучување на наставниците по методологија на втор јазик, со ставање на посебен акцент на јазикот на помалите заедници.

Прилагодувањето на наставниот план и програма на учебниците беше истакнат, исто така, како важно прашање, на кое континуирано се посветува внимание и се стреми кон прилагодување на сите учебници, со посебен акцент на учебниците по историја, географија и за изучување на јазиците, како и вклучување на концептот за образование, за толеранција и меѓукултурна комуникација и разбирање во сите аспекти на наставата, како и за подобрување на механизмите за одобрување и контрола на учебниците.

За спроведување на интегрираното образование посебно внимание се посветува на квалификацијата на наставниците поврзана со способностите за интеграцијата во образованието, кои опфаќаат мерки за обука за меѓуетничките прашања пред вработувањето, воведување на редовни обуки на работното место на наставниците и директорите на училиштата и воведување на систем на надворешна евалуација и мониторинг на способностите на наставниците.

Управувањето со училиштата во децентрализиран контекст, предвидува мерки за зајакнување на сигурноста на работното место на наставниците, дефинирање на условите за вработување на наставници, директори, овластени инспектори и општински советници за образование и дефинирање на одговорностите на државните институции, наспроти оние на локалната власт, со цел зајакнување на соработката и на ова подрачје.

e arsimit të integruar në vendin tonë, në të cilin është theksuar roli i pushtetit lokal, si zinxhir i rëndësishëm në rrjedhën e informacioneve të kësaj fushe. Gjatë krijimit të Planit, pjesëmarrje aktive patën përfaqësuesit e BNJVL-së, inspektorët e arsimit në komuna: Bozhidar Joviq nga Komuna e Velesit dhe Neset Dauti nga Komuna e Vrapçishtit. Ata e theksuan rëndësinë dhe nevojën e zhvillimit të arsimit të integruar në vendin tonë si dhe për ndjekjen e realizimit të tij.

Në seancë u theksua se integrimi, nëpërmjet aktiviteteve të përbashkëta të nxënësve që ndjekin mësim në gjuhë të ndryshme është shumë i dobishëm edhe në aktivitetet mësimore dhe jashtë mësimore të nxënësve në nivele të ndryshme: në vetë shkollat dhe mes shkollave të ndryshme nga e njejta komunë ose nga i gjithë vendi. Më pas u theksua se para ca kohe u interpretua gabimisht integrimi nëpërmjet zmadhimit të njohjes së ndërsjellë të gjuhëve tek nxënësit dhe të rriturit, që duhet të mundësojë zmadhimin e komunikimit mes përfaqësuesve të bashkësive të ndryshme. U potencua shfrytëzimi i masave për trajnimin e mësuesve sipas metodologjisë për gjuhë të dytë, me theks të veçantë mbi gjuhën e bashkësive më të vogla.

Përshtatja e planit mësimor dhe programit të librave u konsiderua si një ndër çështjet më të rëndësishme, që i kushtohet vazhdimisht vëmendje dhe i synohet përshtatjes së të gjitha librave me theks të veçantë në librat e historisë, gjeografisë dhe mësimit të gjuhëve, si edhe përfshirjes së konceptit për arsim, për tolerancë dhe komunikim ndërkulturor, mirëkuptim në të gjitha aspektet e mësimit, si edhe për përmirësimin e mekanizmave për miratimin dhe kontrollin e librave.

Për zbatimin e arsimit të integruar, vëmendje e veçantë i kushtohet kualifikimit të mësuesve lidhur me kompetencat për integrimin në arsim, të cilat përfshijnë masa për trajnim dedikuar çështjeve ndëretnike para punësimit, vendosja e trajnimeve të rregullta në vendin e punës së mësuesve dhe drejtorëve të shkollave dhe vendosja e sistemit për vlerësim të jashtëm dhe mbikëqyrje e aftësive të mësuesve.

Udhëheqja e shkollave në kontekstin e decentralizuar, propozon masa për përforëcimin e sigurisë në vendin e punës së mësuesve, definimin e kushteve për punësimin e mësuesve, drejtorëve, inspektorëve të autorizuar dhe këshilltarëve komunalë për arsim, poashtu dhe definimin e obligimeve të institucioneve shtetërore kundrejt atyre të pushtetit lokal, me qëllim përforëcimi i bashkëpunimit në këtë zonë.

Në seancën punuese u prezantuan dhe projektet për arsimin e integruar, që në bashkëpunim me MASH-in realizohen nëpër shkollat, në autoritetet lokale. Ato përfshijnë një numër të madh aktivitetesh të nxënësve me përbërje të ndryshme etnike në një shkollë ose në shkolla të së njejtës komunë ose të komunave të ndryshme, në të cilat në mënyrë aktive marrin pjesë edhe prindërit, mësuesit, bashkësia lokale dhe bashkarisht kontribojnë për ngritjen e vetëdijes për jetesë të përbashkët. Praktika të mira të arsimit të integruar prezantuan drejtorët e disa shkollave të mesme dhe më pas përfaqësuesit e pranishëm për arsim nga komunat diskutuan në këtë temë duke i theksuar situatat aktuale në njësitë e vetëqeverisjes lokale.



## ПРЕПОРАКИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ- УРЕДБИТЕ ЗА БЛОК ДОТАЦИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, на 16 декември, 2013 година, во просториите на ЗЕЛС, одржа седница на која присуствуваа градоначалниците: Марјан Ристески, градоначалник на општина Прилеп и претседател на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, Хазби Идризи, градоначалник на општина Боговиње и Александар Панов, градоначалник на општина Кавадарци. На состанокот присуствуваа и останатите членови на комисијата, претставници од министерствата за: локална самоуправа, образование, финансии, труд и социјална политика, а присуствуваше и извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ и координаторот на Мрежата на финансиски работници при ЗЕЛС. Присутните дискутираа за Предлог –уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца – детски градинки, по општини, за 2014 година и за Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за јавните установи за социјална заштита – домови за стари лица, за 2014 година. По елаборирањето од страна на претставникот од Министерството за труд и социјална политика, беше констатирано дека критериумите за распределба на блок дотациите не се променети, а вкупната сума е зголемена поради законски утврденото покачување на платите во 2014 година. Се констатира дека нема поголеми проблеми во финансирањето на постојните домови за стари лица и јавните установи за деца – детски градинки, по што членовите на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС дадоа позитивно мислење за овие Предлог – уредби.

Во однос на Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за основното образование по општини, за 2014 година и Предлог – уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за средното образование по општини и Градот Скопје за 2014 година, беше констатирано дека блок дотациите во основното и средното образование не се доволни, поради што се продлабочува кризата на општините, особено за исплаќање на трошоците за затоплувањето на училиштата и превозот на учениците. Во дискусијата стана збор и за можностите за промена на критериумите за распределба на блок дотациите, но, присутните сметаат дека сè додека не се зголемат блок дотациите не треба да се прифаќа ваква постапка. Претставниците на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, дадоа препорака овие предлог-уредби, поради сериозноста на проблемот со недостаток на средства во основното и средното образование, да бидат разгледани на седница на Управниот одбор на ЗЕЛС и да се организира средба со претставници на Владата на РМ. Претставниците на ЗЕЛС апелираа до Министерството за финансии, за навремена исплата на последната рата од ДДВ и блок дотациите на општините.



## REKOMANDIME PËR SHQYRTIM PLOTËSUES TË PROPOZIM-RREGULLOREVE PËR BLOK DOTACIONET PËR ARSIM

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave, më datë 16 dhjetor të vitit 2013, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancë ku morrën pjesë Kryetarët në vijim: Marjan Risteski, Kryetar i Komunës së Prilepit dhe Kryetar i Komisionit për Financim pranë BNJVL-së, Hazbi Idrizi, Kryetar i Komunës së Bogovinës dhe Aleksandar Panov, Kryetar i Komunës së Kavadarit. Në takim morrën pjesë edhe anëtarët tjerë të Komisionit, përfaqësues të Ministrive për: vetëqeverisje lokale, arsim, financa, punë dhe politikë sociale, por njëkohësisht ishte e pranishme edhe Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq dhe Koordinatori i Rrjetit për punëtorët financiarë pranë BNJVL-së. Të pranishmit diskutuan rreth Propozim-Rregulloren për metodologjinë e shqyrtimit të kritereve lidhur me shpërndarjen e blok dotacioneve për institucionet publike për fëmijë-kopështet e fëmijëve në komuna, për vitin 2014 rreth Propozim-Rregullores për metodologjinë e shqyrtimit të kritereve lidhur me shpërndarjen e blok dotacioneve për institucionet publike për mbrojtje sociale-shtëpi për pleq për vitin 2014. Pas elaborimit nga ana e përfaqësuesit të Ministrisë së punës dhe politikës sociale u konstatua se kriteret për alocimin e blok dotacioneve nuk janë ndryshuar ndërsa shuma e plotë është zmadhuar për shkak të rritjes së rrogave, të përcaktuar me ligj në vitin 2014. Konstatohet se nuk ekzistojnë probleme më të mëdha as në financimin e shtëpive ekzistuese për pleqtë dhe as në institucionet publike për fëmijë-kopështet për fëmijë, me ç'rast anëtarët e Komisionit për financim pranë BNJVL-së dhanë mendim pozitiv për Propozim-Rregulloren në fjalë. Për sa i përket Propozim-Rregullores për metodologjinë e shqyrtimit të kritereve lidhur me shpërndarjen e blok dotacioneve për arsimin fillor në komuna për vitin 2014 dhe Propozim-Rregullores për metodologjinë e shqyrtimit të kritereve lidhur me shpërndarjen e blok dotacioneve për arsimin e mesëm në komuna dhe Qytetin e Shkupit për vitin 2014, është konstatuar se blok dotacionet në arsimin fillor dhe të mesëm nuk janë të mjaftueshme me ç'rast rritet kriza e komunave posaçërisht kur bëhet fjalë për pagimin e shpenzimeve për ngrohjen e shkollave dhe transportin e nxënësve. Gjatë diskutimit u potencuan edhe mundësitë për ndryshimin e kritereve për alocimin e blok dotacioneve, mirëpo të pranishmit konsiderojnë se përderisa blok dotacionet nuk zmadhohen, nuk duhet të pranohet një procedurë e këtillë. Përfaqësuesit e Komisionit për financim pranë BNJVL-së dhanë rekomandim që Propozim-Rregullorja në fjalë, për shkak të seriozitetit të problemit lidhur me mungesën e mjeteve në arsimin fillor dhe të mesëm, të shqyrtohen në seancë të Bordit Drejtues të BNJVL-së dhe të organizohet takim me përfaqësuesit e Qeverisë së RM-së. Përfaqësuesit e BNJVL-së apeluan deri te Ministria e financave për pagimin në kohë të këstit të fundit nga TVSH-ja dhe blok dotacionet e komunave.






# ПОГОЛЕМА ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ И ГРАДЕЊЕ НА Е- ОПШТИНИ – ПРЕДИЗВИЦИ НА ЗЕЛС ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД

-„Обезбедување на поголема финансиска независност на општините, спроведување на надлежностите во образованието, со адекватно покриени финансии од блок дотациите, поголемо искористување на средствата од ИПА фондовите, градење на ефикасна општинска администрација и создавање на „е-општини" се предизвиците што ЗЕЛС во следниот период ги постави како приоритети во своите активности". Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, пред присутните делегатите на втората седница на Генералното собрание на Заедницата, што се одржа на 12 декември, 2013 година, во хотелот „Александар Палас".

На почетокот на седницата на ова Собрание, присуствуваше и заменик- претседател на Владата на РМ и министер за финансии, Зоран Ставрески, а поздравно обраќање до градоначалниците упати министерот за локална самоуправа, Тахир Хани. Тој изрази задоволство од взаемната соработка меѓу ЗЕЛС, општините и министерството за локална самоуправа, при што ги информираше присутните за приоритетите на МЛС во следниот период. Истакна дека поголемо внимание ќе се посвети на проектите од регионално значење, преку програмите за рамномерен регионален развој, потоа на зајакнување на капацитетите на Центрите за регионален развој до ниво на обезбедување на финансиска од-

# PAVARËSI MË E MADHE FINANCIARE DHE NDËRTIM I E-KOMUNAVE – SFIDA TË BNJVL-së NË PERIUDHËN E ARDHSHME

-„Sigurimi i pavarësisë më të madhe financiare të komunave, zbatimi i kompetencave në arsim me financa përkatëse të mbuluara nga blok dotacionet, shfrytëzimi më i madh i mjeteve nga IPA Fondet, ndërtimi i administratës efikase komunale dhe krijimi i e-komunave janë sfidat që BNJVL-ja i vendosi si prioritete në aktivitetet e saj për periudhën e ardhshme". Këtë e theksoi Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski para delegatëve të pranishëm, në seancën e dytë të Kuvendit Gjeneral të Bashkësisë, që u mbajt më 12 dhjetor të vitit 2013 në hotelin "Aleksandar Palas".

Në fillimin e seancës së këtij Kuvendi morri pjesë Kryetari i Qeverisë së RM-së dhe Ministër i Financave, Zoran Stavreski kurse fjalim përshëndetës para kryetarëve mbajti edhe Ministri i vetëqeverisjes lokale, Tahir Hani. Ai shprehu kënaqësi për bashkëpunimin e ndërsjellë ndërmjet BNJVL-së, komunave dhe Ministrisë së vetëqeverisjes lokale, me ç'rast i njoftoi të pranishmit për prioritetet e MVL-së në periudhën e ardhshme. Ai theksoi se vëmendje më e madhe do t'i kushtohet projekteve me rëndësi rajonale nëpërmjet programeve për zhvillim të barabartë rajonal, pastaj përforëcimit të kapaciteteve të Qendrave për zhvillim rajonal në nivel të sigurimit të mirëmbajtjes financiare dhe sigurim të financimit adekuat të shërbimeve që komunat i ofrojnë.





држливост и обезбедување на адекватно финансирање на услугите што ги испорачуваат општините. Тој посочи дека дијалогот меѓу централната и локалната власт треба да биде насочен кон изнаоѓање на заеднички решенија за поуспешно менаџирање на надлежностите од страна на општините, тргнувајќи од податоците дека има општини кои успеваат добро да управуваат со добиените надлежности во рамките на расположливите средства и општини кои имаат сериозни проблеми со задолженоста. –„За таа цел следната година треба сериозно да му пристапиме на прашањето за искористувањето на 1% од БДП за рамномерен регионален развој. Јас, како министер за локална самоуправа, сакам да видам сериозни, видливи регионални проекти и се согласувам со вас дека ни се потребни многу поголеми средства", рече Тахир Хани. Министерот Хани, акцент стави и на поголемо искористување на средствата од ИПА програмата за прекугранична соработка и ги охрабри општините да конкурираат со поголем број проекти, при што информираше дека е отворен првиот јавен повик за проектни предлози за прекугранична соработка со Косово, во висина од 3 милиони евра за двете страни.

Претседателот на ЗЕЛС во својата информација за реализираните активности во изминатиот период истакна дека генерално е задоволен од досега постигнатото, потенцирајќи дека оваа година беа спроведени локалните избори на кои сега веќе избраните градоначалници понудија богати програми. Притоа, посочи на предизвиците со кои се соочуваат, елаборирајќи го најголемиот од нив, во областа на образованието, а тоа е недостаток на средства за превоз на учениците и за затоплување на училишните објекти. Трајановски информираше дека се формирани две комисии, при Владата на РМ, каде ЗЕЛС има свои претставници. Едната ги разгледува јавните набавки на триесетина општини реализирани за обезбедување на превоз и на енергенси, а другата треба да излезе со предлози за можни промени во начинот на распределба на средствата за образование.

Ai potencoi se dialogu, ndërmjet pushtetit lokal dhe qendror, duhet t'i drejtohet gjetjes së vendimeve të përbashkëta për menaxhim më të suksesshëm të kompetencave nga ana e komunave, duke u nisur nga të dhënat se ka komuna që me sukses menaxhojnë me kompetencat e fituara në kuadër të mjeteve të disponueshme dhe komuna që kanë probleme serioze me borxhet.

Për këtë qëllim vitin e ardhshëm duhet t'i qasemi seriozisht pyetjes për një përqind nga TVSH-ja për zhvillim të barabartë rajonal. Unë si Ministër për vetëqeverisje lokale dua të shoh projekte serioze, të dukshme rajonale, me çka pajtohem me ju se nevojiten më shumë mjete" u shpreh Tahir Hani. Ministri Hani, e potencoi shfrytëzimin më të madh të IPA Programit për bashkëpunim ndërkufitar dhe i inkurajoi komunat të aplikojnë me numër të madh projektesh, kështu që informoi se është hapur shpallja publike e parë për propozimet e projektit për bashkëpunim ndërkufitar me Kosovën, me vlerë prej 3 milionë euro për të dyja palët.

Kryetari i BNJVL-së me informacionin e tij, për aktivitetet e realizuara në periudhën e kaluar, theksoi se në përgjithësi është i kënaqur nga arritjet e deritanishme, duke përmendur se këtë vit u realizuan zgjedhjet lokale, në të cilat Kryetarët tashmë të zgjedhur ofruan programe të pasura. Pas kësaj i potencoi sfidat me të cilat ballafaqohen duke e elaboruar pjesën më të madhe nga ato në fushën e arsimit dhe kjo është mungesë e mjeteve për transportin e nxënësve dhe për ngrohjen e objekteve shkollore. Trajanovski informoi se tashmë janë formuar dy komisione, pranë Qeverisë së RM-së, ku BNJVL-ja ka përfaqësuesit e saja. Njëri i shqyrton furnizimet publike të tridhjetë komunave të realizuara për sigurimin e transportit dhe energjencave, kurse tjetri duhet të dalë me propozime për ndryshime të mundshme në mënyrën e shpërndarjes së mjeteve në arsim.

Rëndësi i'u kushtua edhe përqindjes së vogël të pagesës së anëtarësisë nga ana e komunave, në BNJVL, shkak për të












Акцент беше ставен и на нискиот процент на наплата на членарината за ЗЕЛС од страна на општините , поради што Трајановски посочи дека секоја општина треба да го исплати заостанатиот долг, што е можно поскоро, а говореше и за значењето на единството во ЗЕЛС, кое всушност и обезбедува уникатност на Заедницата, не само во земјава, туку и во регионот и кое е основа за постигнувањето на сите досегашни успеси на Заедницата, како лидер во процесот на децентрализацијата кај нас.

Во својот извештај, Трајановски, исто така, истакна дека преку обезбедувањето на софтверски алатки за своите членки, со кои општините обезбедуваат поквалитетни услуги за своите граѓани, ЗЕЛС стана пример за добра практика во регионот. Поголем број асоцијации изразуваат интерес за имплементација на овие алатки во своите општини, за што се започнати разговори со неколку асоцијации од регионот.

Постапката за дозвола за градба и сите административни документи од Законот за градење од 1 јуни и од 1 ноември се водат исклучиво по електронски пат. ЗЕЛС, не само што ги обезбеди потребните софтверски алатки за сите општини подеднакво, туку реализираше и обуки за општинската администрација и во континуитет им нуди поддршка за спроведување на постапките, на сите општини. Обезбеден е и софтвер за издавање на Б-ИСКЗ дозволи и елаборати за животна средина, а во тек се подготовките за обезбедување на софтвер за електронски систем за водење на прекршочните постапки, во согласност со Законот за јавна чистота.

„Нема ефикасна општина, ако нема и ефикасна локална администрација" , потенцира Трајановски, при што нагласи дека преку ЗЕЛС тренинг центарот, во текот на оваа година обука проследиле околу 2.000 претставници од општините. Стана збор и за работењето на професионалните мрежи во ЗЕЛС, составени од локална администрација од соодветната област, што е надлежност на општината, а ја потенцира и потребата од позасилени активности на комисиите во ЗЕЛС, составени од градоначалници.

cilin Trajanovski theksoi se secila Komunë duhet t'a paguajë borxhin e saj, sa më shpejtë të jetë e mundshme, por edhe diskutonte për rëndësinë e unitetit në BNJVL, i cili në fakt siguron unitetin e Bashkësisë jo vetëm në vend por edhe rajon dhe në të njejtën kohë është bazë për arritjen e të gjitha sukseseve të deritanishme të Bashkësisë, si lidere në procesin e decentralizimit në vend.

Në Raportin e vetë, Trajanovski gjithashtu theksoi se nëpërmjet sigurimit të instrumenteve softuerike për anëtaret e veta, me të cilët komunat sigurojnë shërbime më të cilësuara për qytetarët e vetë, BNJVL-ja u bë shembull për praktikë të mirë në rajon prandaj numër i madh asociacionesh shprehin interes për implementimin e të njejtave në komunat e tyre, me ç'rast kanë filluar bisedimet me disa prej asociacioneve të rajonit.

Procedura për leje për ndërtim dhe të gjitha dokumentet administrative nga Ligji për ndërtim nga një qershori dhe një nëntori udhëhiqen vetëm në rrugë elektronike. BNJVL-ja jo vetëm që i siguroi në mënyrë të barabartë instrumentet e duhura softuerike për të gjitha komunat, por edhe realizoi trajnime për administratën komunale dhe vazhdimisht i ofron përkrahje në zbatimin e procedurave për të gjitha komunat. Është siguruar dhe softueri për lëshimin e B-lejeve të integruara dhe elaborateve për mjedis jetësor, kurse akoma vazhdojnë përgatitjet për sigurimin e softuerit për sistemin elektronik për udhëheqjen e procedurave kundërvajtëse sipas Ligjit për pastërti publike.

"Nuk ka Komunë efikase, nëse nuk ka administratë lokale efikase"- theksoi Trajanovski, më pas shpjegoi se nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, gjatë këtij viti kanë ndjekur trajnim rreth 2.000 përfaqësues të komunave. U bë fjalë për punën e Rrjeteve profesionale në BNJVL, të përbëra nga administrata lokale nga fusha të posaçme, që është kompetencë e komunës, por e theksoi edhe nevojën për aktivitete të përforëcuara të











На седницата извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, ги образложи значајни документи на Заедницата: ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година, Планот за работа на ЗЕЛС за 2014 година и Буџетот на ЗЕЛС за 2014 година. Ги посочи планираните активности, проследени со соодветни финансиски средства, кои беа усвоени од страна на присутните делегати.

Присутните делегати на Собранието развија дискусија, на која беа изнесени голем број предизвици со кои се соочуваат

Komisioneve në BNJVL, të përbëra nga Kryetarë.

Në seancë, Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, i prezantoi dokumentet më të rëndësishme të Bashkësisë: Planin strategjik të reviduar të BNJVL-së për vitin 2014-2015, Planin për punën e Bashkësisë për vitin 2014 dhe Buxhetin e BNJVL-së për vitin 2014. Ajo i theksoi aktivitetet e planifikuara, të shoqëruara me mjete financiare të posaçme, të cilat u miratuan nga ana e delegatëve të pranishëm.





локалните власти. Беше укажано дека се донесуваат законски решенија, со кои општината добива одредени обврски, за чие спроведување не се префрлаат соодветни финансиски средства, а притоа се предвидени големи казни за градоначалникот и за општината. На тој начин се девалвира институцијата градоначалник, поради што беше посочено дека треба да се почитува Европската повелба на локалната власт, според која е утврдено дека за секоја префрлена надлежност, на општината треба да и се обезбедат и соодветни финансиски средства за нејзино спроведување. Делегатите, повторно го истакнаа барањето за апанажа на градоначалниците, бидејќи и тие, како и парламентарците се избираат од граѓаните, на локални избори, при што нагласија дека оваа мерка воопшто не предизвикува финансиски импликации во Буџетот на РМ. Беше побарано при про-

Gjatë diskutimit Kryetarët u shprehën se sillen vendime ligjore, në të cilat parashikohen gjoba të mëdhaja për kryetarin dhe komunën, pas kësaj pushtetit lokal nuk i transferohen mjete adekuate për zbatimin e asaj kompetence. Në këtë mënyrë nënçmohet institucioni kryetar, shkak për të cilin u thirrën për nevojën e respektimit më të madh të Kartës Evropiane për Vetëqeverisje Lokale sipas së cilës është caktuar se secila kompetencë e transferuar duhet të shoqërohet me mjete financiare të posaçme. Përsëri u theksua kërkesa për apanazhin e kryetarëve, të cilët janë persona të zgjedhur në zgjedhje lokale dhe se kjo për pushtetin qendror nuk do të shkaktojë aspak pasoja financiare. U kërkua që gjatë shitjes së tokës bujqësore dhe gjatë koncesioneve, komuna







дажбата на земјоделското земјиште и при концесиите, општината да добива најмалку 50% од средства, со што руралните општини ќе обезбедат дополнителни финансии за активности наменети за обезбедување на потребите на своите граѓани.

Истакнати беа и проблемите со кои се соочуваат, особено помалите, рурални општини при изработката на урбанистичките планови. Беше потенцирано дека тие се соочуваат со долг процес и „заглавување" на плановите, особено во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кога станува збор за пренаменување од земјоделско во градежно земјиште. Урбанизирањето на голем број села оди потешко, бидејќи во катастарот тие се водат како земјоделско земјиште, а тоа предизвикува и забавување при реализацијата на процесот на легализација на дивоградбите. Беше истакната потребата за организирање на средба на претставници од ЗЕЛС со претставници од Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство и со Министерството за транспорт и врски. Дел од градоначалниците укажаа на неможноста за покривање на финансиските долгови во образованието, поради недоволно префрлени средства во блок дотациите од страна на МОН. На Генералното собрание, некои од градоначалници ја поздравија активноста на ЗЕЛС за Банка на општините, со која би им се овозможило на локалните власти да добиваат кредити со пониски каматни стапки за реализација на поголеми инфраструктурни проекти, а особено ќе се обезбеди поддршка и при искористувањето на структурните европски фондови.

## УСВОЕН АКЦИСКИОТ ПЛАН НА ЗЕЛС ЗА 2014 ГОДИНА

Акцискиот план на ЗЕЛС за 2014 година го следи реализирањето на ревидираниот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2014-2015 година, во кој се утврдени четири стратегиски цели :

1.Финансирање и лобирање;

2. Финансиска стабилност на единиците на локалната самоуправа;

3. Услуги на ЗЕЛС и

4 Обезбедување на професионалност и стручност на стручната служба на ЗЕЛС.

Впрочем, најважните активности во текот на 2014 година се насочени кон лобирањето и застапување на локалните власти пред централната власт и други релевантни институции во правец на обезбедување на поквалитетни законски измени за засилен напредокот на децентрализацијата во земјава и овозможување на адекватно спроведување на надлежностите на општините. Во тој контекст, особено внимание ќе биде посветено на изнаоѓање на начини за обезбедување на поголема финансиска независност на општините, каде приоритет е зголемувањето на зафаќањето од ДДВ и од персоналниот данок. Адекватна примена на Законот за рамномерен регионален развој, донесување на нови или промена на законски решенија со кои ќе се обезбедат разновидни извори за финансирање на малите, рурални општини и обезбедување на Банка на општините која ќе ги задоволува потребите, исклучиво на локалните власти, се исто така, дел од предвидените начини на дејствување на Заедницата во исполнувањето на првата и на втората стратегиска цел. Во правец на обезбедување на

të fitojë së paku 50% nga mjetet, me ç'ka komunat rurale do të sigurojnë financa plotësuese për aktivitetet dedikuar sigurimit të nevojave të qytetarëve. U theksuan edhe problemet me të cilat ballafaqohen, posaçërisht komunat më të vogla rurale, gjatë përpilimit të planeve urbanistike. U shprehën se ato ballafaqohen me proces të gjatë dhe me “bllokim” të planeve, sidomos në Ministrinë e bujqësisë, pyjeve dhe ekonomizimit të ujërave, kur bëhet fjalë për ridedikim nga tokë bujqësore në tokë ndërtimore. Urbanizimi i numrit të madh të fshatrave vështirësohet për shkak se në Kadastër ata konsiderohen si tokë bujqësore edhe pse atje janë ndërtuar shtëpi. Ngadalësim ka edhe gjatë realizimit të procesit të legalizimit të objekteve joligjore. U theksua nevoja për organizimin e takimit mes përfaqësuesve të BNJVL-së, Ministrisë së bujqësisë, pyjeve dhe ekonomizimit të ujit dhe Ministrisë së transportit dhe lidhjeve. Një pjesë prej kryetarëve e shprehën pamundësinë lidhur me mbulimin e mungesave financiare, në rastin e transferimit jo të plotësishëm të mjeteve në blok dotacionet, nga ana e MASH-it. Në Kuvendin Gjeneral, disa nga kryetarët e përshëndetën aktivitetin e BNJVL-së për Bankën e Komunave, me të cilën do t'u mundësohet autoriteteve lokale të fitojnë kredi me norma interesi më të ulëta për realizimin e projekteve më të mëdhaja infrastrukturore, sidomos do të sigurohet përkrahje edhe gjatë shfrytëzimit të fondeve evropiane të strukturuara.

## U MIRATUA PLANI AKSIONAL I BNJVL-së PËR VITIN 2014

Plani Aksional i BNJVL-së për vitn 2014, ndejk realizimin e Planit Strategjik të reviduar të BNJVL-së për vitin 2014, në të cilin janë përcaktuar katër qëllime strategjike:

1. Financimi dhe lobimi

2. Qëndrueshmëria financiare e njësive të vetëqeverisjes lokale

3. Shërbimet e BNJVL-së dhe

4.Sigurimi i profesionalizmit dhe ekspertizës së Shërbimit profesional të BNJVL-së.

Aktivitetet më të rëndësishme gjatë vitit 2014 i dedikohen lobimit dhe përfaqësimit të autoriteteve lokale para pushtetit qendror dhe institucioneve të tjera përkatëse, në drejtim të sigurimit të ndryshimeve ligjiore më cilësore për përparimin e përforëcuar të decentralizimit në vend dhe sigurimit të zbatimit adekuat të kompetencave në komuna. Në këtë kontekst vëmendje e veçantë do t'i kushtohet gjetjes së mënyrave për sigurimin e pavarësisë më të madhe të komunave, ku proiriteti është zmadhimi i përfshirjes së TVSH-së dhe nga tatimi personal. Zbatimi adekuat i Ligjit për zhvillim ekonomik rajonal të barabartë, sjellja e vendimeve ligjore të reja ose ndryshimi i tyre, me të cilat do të sigurohen burime të ndryshme për financimin e komunave të vogla, rurale dhe sigurimi i Bankës së Komunave, e cila do t'i plotësojë vetëm nevojat e autoriteteve lokale, janë gjithashtu pjesë e mënyrave të parashikuara për veprimin e Bashkësisë në plotësimin e qëllimit strategjik të parë dhe të dytë. Në drejtimin e sigurimit të mjeteve financiare për komunat, po zhvillohet bashkëpunim me Ministrinë e Mjedisit Jetësor, ku kanë filluar aktivitetet

финансиски средства за општините, во тек е соработка со Министерството за животна средина, каде се започнати координирани активности за искористување на 30 милиони евра. Посебен акцент ќе биде ставен на поддршката на 13-те комисии на ЗЕЛС, како и на 14-те професионални мрежи, од страна на стручната служба на ЗЕЛС. Заради обезбедување на поголем успех во процесот на лобирање, се предвидува да се зајакне практиката за обезбедување на присуство на министри, други стручни лица и експерти, на седниците на УО на ЗЕЛС, во зависност од предвидените теми и предлози за секоја седница.

Сѐ повеќе донатори заминуваат од земјава, со што се намалува поддршката за активностите на ЗЕЛС, а тоа бара поголема посветеност во самостојното изнаоѓање на финансиски средства, односно зајакнување на самоодржливоста на Заедницата. Во овој дел Управниот одбор на ЗЕЛС ќе преземе низа активности, меѓу кои и за поажурно извршување на обврската за плаќање на членарината на општините кон ЗЕЛС.

Во делот на услуги што ЗЕЛС ќе ги обезбедува за своите членки-општините, активностите се насочени кон зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот. Преку изготвениот Годишен план за обуки, кој се темели на изнесените потреби на локалната администрација, ќе се реализираат обуки во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, со што значително се намалуваат трошоците за изнајмување на простор и опрема при нивната реализација.

Обезбедување на е-услуги за граѓаните, подеднакво во сите општини, ЗЕЛС во континуитет го реализира преку ЗЕЛС единицата за поддршка на е -услуги ( ЗЕПЕ). Ова е и дел од заложбите на ЗЕЛС и на локалните власти за нивно развивање во „Е- општини“. Системот на е - услуги на ЗЕЛС овозможува неколку клучни софтверски апликации за општините (за градежно земјиште, за дозволи за градба и други) кои истовремено земаат голем дел од работните ресурси на ЗЕЛС. Во континуитет се одржуваат веќе постојните софтверски алатки, обезбедени од ЗЕЛС, а во текот на 2014 година предложени се активности за изработка на две нови софтверски решенија. Во моментов е преземена сеопфатна активност за приклучување на лица кои ќе администрираат со системот за електронско издавање на Б-интегрирани дозволи и елаборати во име на секоја општина, а ќе се реализира и јавна набавка за обезбедување на електронски систем за евидентирање и разменување на акти и списи по постапките, врз основа на Законот за јавна чистота. Врз основа на извлечени искуства од минатото, со софтверот за даноци кој општините го добија преку програмата на УСАИД, каде компанијата месечно ги задолжуваше корисниците – општините директно да ѝ плаќаат надомест за одржување, а ефикасноста од користењето на податоците од системот за даноци зависеше и од волјата на компанијата, односно основачите на истата дали таа ќе продолжи да постои и да ја дава таа услуга и понатаму, се планираат активности и во оваа насока. Дури и во случај на ликвидација на оваа компанија, авторските права преминуваат на основачите на компанијата, што значи дека општините не можат легално да го користат софтверот за сопствена надградба или да склучат договор со друга компанија. Токму затоа најдобро решение е да се изготви софтвер кој ЗЕЛС ќе им го овозможи на општините и ќе се грижи за неговото ажурирање, без да има потреба секоја општина да врши посебна набавка на апликации.

koordinuese për shfrytëzimin e 23 milinë eurove. Theks i veçantë do të vendoset mbi përkrahjen e 13-të Komisioneve të BNJVL-së, si edhe të 14-të Rrjeteve profesionale nga ana e Shërbimit profesional të BNJVL-së. Për shkak të sigurimit të suksesit më të madh në procesin e lobimit, parashikohet të përforëcohet praktika për sigurimin e pjesëmarrjes së ministrave, personave të tjerë profesionalë dhe ekspertëve, në seancat e BD-së të BNJVL-së, në varësi nga temat dhe propozimet e parashikuara për çdo seancë.

Numër i madh donatorësh largohen nga vendi dhe me këtë zvogëlohet përkrahja për aktivitetet e BNJVL-së dhe kjo kërkon përkushtim të madh në gjetjen e vetme të mjeteve financiare, gjegjësisht përforëcimin e vetëqëndrueshmërisë së Bashkësisë. Në këtë pjesë Bordi Drejtues i BNJVL-së do të ndërmarrë një sërë aktivitetesh, mes cilave edhe për zbatimin më të azhuruar të detyrimit për pagimin e anëtarësisë së komunave drejt BNJVL-së.

Në pjesën e shërbimeve që i siguron BNJVL-ja për anëtaret e veta – komunat, aktivitetet drejtohen drejt përforëcimit të kapaciteteve të administratës komunale, nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Nëpërmjet Planit Vjetor të përgatitur për trajnime, i cili themelohet mbi nevojat e shprehura të administratës lokale, do të realizohen trajnime në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, me ç'ka do të zvogëlohen shumë shpenzimet për qiramarrjen e hapësirës dhe pajisjes gjatë realizimit të tyre.

Sigurimi i e-shërbimeve për qytetarët, njësoj në të gjitha komunat, BNJVL-ja në vazhdimësi e realizon nëpërmjet BNJVL Njësisë për përkrahjen e e-shërbimeve (ZEPE).Kjo është një pjesë nga përkushtimet e BNJVL-së dhe të autoriteteve lokale për zgjerimin e tyre në ‘’E-komuna’’. Sistemi i e-shërbimeve të BNJVL-së mundëson disa aplikacione softuerike kyçe për komunat (për tokë ndërtimore, për leje për ndërtim etj.) të cilat njëkohësisht marrin pjesë të madhe nga resurset punuese të BNJVL-së. Vazhdimisht mirëmbahen instrumentet softuerike tashmë ekzistuese, të siguruara nga BNJVL-ja kurse për vitin 2014 janë propozuar aktivitete për përgatitjen e dy vendimeve softuerike të reja. Në momentin janë ndërmarrë aktivitete të tërësishme për vendosjen e personave, të cilët do të administrojnë me sistemin për lëshimine B- lejeve të integruara dhe elaborateve, në emrin e çdo komune dhe do të realizohet furnizim publik për sigurimin e sistemit elektronik për evidentimin dhe shkëmbimin e akteve dhe shkresave sipas procedurave në bazë të Ligjit për pastërti publike. Në bazë të përvojave të përjetuara në të kaluarën, me softuerin për tatimet, të cilin komunat e fituan nëpërmjet programit të USAID-it, ku kompania për muaj i obligonte shfrytëzuesit – komunat në mënyrë direkte t'i paguajnë kompenzim për mirëmbajtje, kurse efikasiteti nga shfrytëzimi i të dhënave nga sistemi i tatimeve varej nga vullneti i kompanisë, gjegjësisht themeluesve e të njejtës nëse ajo do të vazhdojë së ekzistuari dhe së dhëni atë shërbim dhe më tej, planifikohen aktivitete edhe në këtë drejtim. Madje dhe në rastin e falimentimit të kësaj kompanie, që do të thotë se komunat nuk mundin në mënyrë legale t'a përdorin softuerin për avancimin e tyre ose të lidhin marrëveshje me kompani tjetër. Pikërisht për këtë zgjidhja më e mirë është të përgatitet softuer të cilin BNJVL-ja do t'jua mundësojë komunave dhe do të kujdeset për azhurimin e tij, pa pasur nevojë që secila komunë të zbatojë furnizim më vete për aplikime.

